ПРЕДМЕТ: **Повик за изразување интерес за локални координатори во рамки на проектот "Граѓанското општество во акција за еднаквост"**

Референтен број: **12-8669/1; 0503-278**

Почитувани,

Асоцијацијата за Демократски Иницијативи (АДИ) објавува повик за изразување интерес за локални координатори/претставници на локални граѓански организации за потребите на проектот**: „Граѓанското општество во акција за еднаквост"**. Проектот е финансиран од Европската Унија (ЕУ). Со повикот, ќе биде избран еден (1) координатор по општина, кој ќе биде одговорен за координација на локални мрежи за еднаквост, за потребите на проектот во согласност со доставениот ***Опис на надлежности.*** Набавката на услугите е делива. Проектот „Граѓанското општество во акција за еднаквост" се имплементира во рамки на ИПА Национална програма за транзициска помош и градење на институциите 2011, Грантова шема "Понатамошен развој и финансиска одржливост на граѓанското општество"- EuropeAid/136-625/ID/ACT/MK, спроведуван од Секторот за централно финансирање и склучување договори, при Министерството за Финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Р.М. и Асоцијацијата за Демократски Иницијативи (АДИ) во партнерство со Центар за Ромска Заедница (ДРОМ) Куманово и Асоцијација Иницијатива за социјална промена (ИнСоК) Скопје.

Во рамки на проектот планирано е ангажирање на еден (1) координатор по општина. Локалниот координатор треба да е дел од локална граѓанска организација од следните градови: Гостивар, Тетово, Прилеп, Битола, Шуто Оризари, Куманово, Штип, и Берово. За таа цел заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи: **Прилог 2.** Биографија на предложениот координатор и **Прилог 3.** Портфолио на организацијата– Писмо за интерес за координирање на локална мрежа за еднаквост. Подетални информации за бараниот ангажман се дадени во Прилог 1: Опис на надлежности.

Понудата се доставува преку е-пошта на: katica@adi.org.mk или до архивата на АДИ, бул. Браќа Ѓиноски бр. 61, 1230 Гостивар.

Понудата треба да се достави во рок од 5 дена од денот на објавување на огласот, **но не подоцна од 17.06.2016 г до 16 часот.**

Лулзим Хазири,

Извршен директор,

The Project is implemented by:

## ПРИЛОГ 1: ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ

### 1. ЦЕЛ, НАМЕНА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

#### 1.1. Цел

Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) Гостивар, во партнерство со Центар за Ромска заедница (ДРОМ) Куманово и Асоцијација Иницијатива за социјална промена (ИнСоК) Скопје го спроведува проектот „Граѓанското општество во акција за еднаквост“. Проектот се спроведува во рамки на ИПА Национална програма за транзициска помош и градење на институциите 2011, Грантова шема “Понатамошен развој и финансиска одржливост на граѓанското општество“-EuropeAid/136-625/ID/ACT/MK. Проектот е финансиран од Делегацијата на ЕУ, спроведуван од Секторот за централно финансирање и склучување договори, при Министерството за Финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Р.М.

Општата цел на проектот е да се поддржи активното вклучување на граѓанското општество во спроведувањето на недискриминациските политики и практики. Посебни цели се: Да се зајакне капацитетот на граѓанските организации да ги промовираат и мониторираат недискриминациските стандарди и практики; да се зајакне меѓу-институционалната соработка за превенција и борба против дискриминација на локално ниво; да се подигне свеста за законодавството и концептот на еднаквост.

Целна област: општините Гостивар, Тетово, Прилеп, Битола, Шуто Оризари, Куманово, Штип, и Берово.

#### 1.2. Намена и очекувани резултати

Намената на конкретната активност е воспоставување и координирање на локални мрежи за еднаквост, за секоја општина поединечно, како корисна алатка за промоција на недискриминацијата и еднаквите можности. Од локалните координатори се очекува одржување и поттикнување на локални мрежи и партнерства; одржување на општиот консензус меѓу учесниците во формирањето и воспоставувањето на локални мрежи за еднаквост; дефинирање на рамката за мониторинг и ревизија на локалните политики и практики од аспект на еднаквост и недискриминација. Процесот на воспоставување на локални мрежи ќе биде поддржан од проектниот тим, истовремено и дополнителна експертска поддршка ќе биде обезбедена.

### 2. ДОМЕН НА РАБОТА

#### 2.1 Опис на задачата

Во рамките на проектните активности предвидено е воспоставување на локални мрежи за еднаквост.

За таа цел АДИ ќе ангажира осум (8) локални координатори кои што треба да се дел од локална граѓанска организација (по еден координатор во секоја општина) кој што ќе работи на одржување и поттикнување на мрежи и партнерства за проектот “Граѓанското општество

во акција за еднаквост!“. Локалните мрежи за еднаквост во секоја општина треба да бидат составени од претставници на локални граѓански организации, социјални партнери, советници, како и други локални авторитети.

Локалните мрежи за еднаквост заедно со локалниот координатор ќе работат на дефинирање на рамката за мониторинг и ревизија на локалните стратешки документи од аспект на еднаквост и недискриминација.

**2.2. Специфични активности**

Локалниот координатор и локалните мрежи за еднаквост на проектот треба да обезбедат координација на процесот на:

- Воспоставување на јасни и договорени цели за следење на недискриминацијата/ еднаквост во главните текови на локалните политики и практики;
- Подготвка на акционен план за следење на ваквите текови; и
- Редовна комуникација и споделување на наодите до сите релевантни чинители - локални институции и комисии, како и телата за еднаквост на национално ниво.

Учеството на организациите кои ги претставуваат ранливите групи (Роми, жени, стари лица, деца, лица со посебни потреби, ЛГБТ и другите малцинства) ќе ги обезбеди потребните знаења и информации потребни за воспоставување на јасни и договорени цели за следење, подготвка на акционен план од нивната перспектива, како и ревизија на локалните политики и практики. Ова ќе вклучи и квалитативни и квантитативни индикатори врз основа на кои може да се мери напредокот. Покрај граѓанските организации, социјалните партнери и претставниците на локалните комисии за меѓуетнички односи и за еднакви можности, исто така се очекуваат да бидат дел од мрежите. Овој мулти-секторски пристап со повеќе заинтересирани страни и партнерства има за цел да обезбеди сопственост и посветеност на плановите, политиките и програмите поврзани со недискриминацијата.

Процесот на воспоставување на локалните мрежи, дефиницијата на структурата и координацијата ќе бидат поддржани од страна на проектниот тим со користење на различни методи: редовни координативни состаноци со членовите на локални мрежи, редовна комуникација преку интернет. Надворешните експерти, исто така, ќе обезбедат дополнителни знаења и вештини во текот на процесот на развивање на акционен план за следење на недискриминација / еднаквост во секоја општина.

Обврските на координаторот заедно со неговата матична граѓанска организација опфаќаат:

- Организирање средби на локалната мрежа за еднаквост (координација на организацискиот и логистички дел);
- Креирање на рамката за мониторинг на недискриминацијата/ еднаквоста на локално ниво;
- Прибирање информации, анализа на локални стратешки документи и политики од аспект на еднаквост и недискриминација;
- Обезбедување проток на информации до проектниот тим;
- Комуникација и соработка со локалните граѓански организации, локалните власти, институции и медиуми;
- Изготвување месечни извештаи од реализирани посети, средби и реализирани

активности;

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА

### 3.1 Датум на започнување и период на спроведување на специфичните активности

Планиран период за ангажман на локалните координатори на локалните мрежи за еднаквост е 20 јуни- 20 ноември 2016.

### 3.2. Цена

Вкупните планирани финансиски средства според финансискиот план изнесуваат 500€ (евра) /30.849 МКД ( 5 месеци x 100 евра / месечно = 500 евра). Трошоците паѓаат на сметка на проектот **„Граѓанското општество во акција за еднаквост“**.

## Критериуми

***Квалификации и вештини***

- Стекнато најмалку средно образование;
- Познавање на работа со компјутер (Microsoft Office и Internet)
- Одлични комуникациски вештини и вештини за тимска работа;
- Способност за работа со луѓе од различно етничко, религиозно и културно потекло

***Професионално искуство***

- Искуство во спроведување локални проекти и активности, следење на локални политики и практики;

***Специфично професионално искуство***

- Искуство, познавања и интерес за полињата на дејствување на проектот: човекови права, недискриминација, ранливи групи и сл.

## ПРИЛОГ 2.  РАБОТНА БИОГРАФИЈА

**Предложена улога на проектот:**

Презиме:

Име:

Националност:

Граѓански статус:

Образование:

| Институција<br>(Датум од – Датум до) | Степен(-) или диплома(-и): |
|---|---|
| | |
| | |

**Јазични вештини:** Наведете го нивото на знаење на скала од 1 до 5 (1 – одлично познавање; 5 – основно познавање)

| Јазик | Читање | Говорење | Пишување |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Членство во професионални организации:

**Други вештини:** (на пр. компјутери и слично)

Сегашна позиција:

Години во фирмата:

**Клучни квалификации:**  (Релевантни за проектот)

Конкретно искуство во регионот:

| Земја | (Датум од – Датум до) |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

Професионално искуство

| (Датум од – Датум до) | Локација | Компанија и лице за препораки[1] (име и детали за контакт) | Позиција | Опис |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Други релевантни информации (на пр. публикации)

**ПРИЛОГ 3**. **Портфолио на организацијата–** Писмо за интерес за  Координирање на локална мрежа за еднаквост

The Project is funded
by the European Union

# ДОГОВОР ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОВРЕМЕНИ РАБОТИ

Склучен на

20 јуни , 2016

___________________________

помеѓу

*Асоцијација за демократска иницијатива*
(во понатамошен текст АДИ)

И

___________________________________

Матичен број:_______________________

Место на живеење:

(во понатамошен текст - координатор)

The Project is implemented by:

**Член 1**

АДИ ќе го ангажира координаторот за потребите на проектот "Граѓанското општество во акција за еднаквост!", финансиски поддржан од Делегацијата не ЕУ, спроведуван од Секторот за централно финансирање и склучување договори, при Министерството за Финансии и Генералниот секретаријата на Владата на Р.М. во временскиот период од 20 јуни до 20 ноември 2016.

**Член 2**

Исплатата ќе се изврши по доставувањето на табелата за временската ангажираност и извештајот од работата на месечна основа.

Член 3

Максималната вредност на работите изнесува 30.849 денари. Износот е нето износ. Износот ќе биде исплатен на еднакви месечни рати.

**Член 4**

Сите давачки за персонален данок паѓаат на товар на АДИ.

**Член 5**

Договорните страни може да го прекинат овој договор со претходна најава од 7 дена.

**Член 6**

АДИ може да го поништи овој договор во случај координаторот да го крши законот, не ги извршува работните задачи или стори дело кое може да го дискредитира АДИ.

**Член 7**

АДИ може во секое време да го прекине или поништи овој договор во случај активностите на кои е ангжиран работникот се суспендирани или прекинати.

**Член 8**

Овој договор е направен во два истоветни примероци, еден за координаторот и еден за АДИ.

**Член 9**

За секој спор кој што произлегува од овој договор надлежен е Основниот Суд во Гостивар.

Координатор АДИ

Лулзим Хазири

Извршен директор

___________________ (М.П) ____________________

Потпис Потпис